**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 14.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1375 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на месечниот магазин „Економија и бизнис", и тоа:

- изданието бр.213 на магазинот „Економија и бизнис" за март 2016 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14 март 2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на месечниот магазин „Економија и бизнис", постапило во целост, делумно или не постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот административен надзор над овој издавач на печатен медиум беше извршен на 09.02.2016 година и со него беше констатирано дека само делумно ја исполнил обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".* Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр.212 на магазинот „Економија и бизнис" за февруари 2016 година, не ги објавил податоците за адресата на седиштето на издавачот на медиумот.

5. **Претходно изречена мерка:**

Решение за преземање мерка - опомена бр.03-79 од 16.02.2016 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за трговија, услуги и

издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на месечниот магазин „Економија и бизнис“.

6. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор на изданието бр.213 на магазинот „Економија и бизнис“, за март 2016 година, е констатирано дека Друштвото за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје **во целост постапило по решението** и **го отстранило прекршувањето** на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***